Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 24-1
Дата: 27.01.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство трговија и услуги МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 68 Велес, застапувано од Никола Дудевски–управител, со вршење на дејноста Трговија на големо со отпадоци и остатоци. Со Записник бр. 24-1 заклучен на 20.01.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 точка 37 и точка 58 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21) донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за производство трговија и услуги МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште Академик Пенчо Давчев бр. 68 Велес:

1.1 Да склучи договор за собирање и транспортирање на неопасен отпад со субјект кој поседува важечка дозвола за управување со отпад издадена од Стручниот орган/Управата за животна средина.

Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

2. **СЕ ЗАБРАНУВА** на Друштво за производство трговија и услуги МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште Академик Пенчо Давчев бр. 68 Велес:

2.1 Да спроведува активности на собирање и транспортирање на отпадот (кој го купува и последователно го продава во свое име и на своја сметка), без склучен договор со субјект кој поседува важечка дозвола за управување со отпад издадена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.
Рок: веднаш од денот на приемот на решението.

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. и 2. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство трговија и услуги МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Академик Пенчо Давчев бр. 68 Велес, застапувано од Никола Дудевски – управител, со вршење на дејноста Трговија на големо со отпадоци и остатоци.

Надзорот се изврши по добиен Налог бр. 02-36/1 од 15.01.2025 година, а во врска со известување од ДИЖС канцеларија Гевгелија кој при вршење на инспекциски надзор во правниот субјект Дојран Стил с. Николиќ Дојран, утврдил дека отпадот кој се создава од вршењето на дејноста го превзема правниот субјект МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ ДООЕЛ Велес за понатамошно постапување. Надзорот е извршен со цел да се утврди дали субјектот на надзор во вршењето на дејноста ги превзема мерките и активностите согласно одредбите од Законот за управување со отпадот.

Надзорот започна на 17.01.2025г. во присуство на Никола Дудевски – управител во седиштето на субјектот, а продолжи на 20.01.2025г. по обезбедување на потребната документација за извршување на надзорот, а за утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 24-1.

Правниот субјект е регистриран како Друштво за производство трговија и услуги МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ ДООЕЛ Велес, со приоритетна дејност Трговија на големо со отпадоци и остатоци. Дејноста е регистирана на 07.08.2009г.

Субјектот на надзор врши трговија со отпад. Согласно член 6, став 1 точка 24. од Законот за управување со отпадот: Трговец со отпад е правно лице кое на свое име и за своја сметка купува и последователно продава отпад, во случај кога не е поседувач на отпадот. Во случај на посредување со отпад, согласно член 6 точка 23. и член 68 став 1 и 2 од Законот за управување со отпадот, субјектот е потребно да биде регистриран кај Стручниот орган/Управата за животна средина, за што субјектот поднел Барање за мислење до Управата за животна средина, за кое повратно сеуште не е добиен одговор/мислење.

Согласно изјавата на одговорното лице, субјектот на надзор тргува исклучиво со отпадот на Друштвото за производство и трговија ДОЈРАН СТИЛ ДООЕЛ с. Николиќ Дојран, согласно Договор за деловна соработка од 02.01.2024г. (во списите на предметот). Согласно приложениот договор, се врши купопродажба на отпаден

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

материјал – коварина со шифра на отпад 10 02 10 кој настанува од вршење на дејноста на ДОЈРАН СТИЛ. Од приложениот Договор се констатира дека тој е со важност до 31.01.2025г.

[redacted]

Овој отпад се собира и транспортира од страна на ЕЛАН ТРАНС ДОО Гостивар, кој согласно приложената документација е со изминат рок на важност на Дозволата за собирање и транспортирање на отпад, со важност до 18.03.2024г. Собирачот отпадот го транспортира за потребите на МИНЕРАЛИ-МЕТАЛИ Велес од почетна дестинација ДОЈРАН СТИЛ до крајна дестинација Друштво за производство на акумулатори ТАБ МАК дооел Пробиштип, кој коварината ја користи во производниот процес. Отпадот не се одлага привремено на било каква друга локација.

При инспекцискиот надзор се констатира дека субјектот на надзор МЕНЕРАЛИ-МЕТАЛИ Велес како трговец со отпад, склучил договор бр. 02-1031 од 08.01.2025г. со правен субјект ЕЛАН ТРАНС ДООЕЛ Гостивар, кој за негови потреби и во време на надзорот собира и трнаспортира отпад од почетна дестинација ДОЈРАН СТИЛ с. Николиќ Гевгелија до крајна дестинација ТАБ МАК Пробиштип, без да поседува дозвола издадена од надлежен орган.

Согласно член 6 став 1 точка 28. од Законот за управување со отпадот: Управувањето со отпадот е дејност, односно активност што вклучува операции на собирање, транспортирање, складирање, преработка, повторна употреба, отстранување и промет на отпадот, вклучувајќи го и надзорот над овие операции, како и мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето, вклучувајќи ги и активностите превземени од страна на посредник или трговец со отпад.

Согласно член 64 став 1 алинеја 1 од Законот за управување со отпадот: Субјектите кои управуваат со отпад се должни да поседуваат дозвола за управување со отпад доколку: - собираат и транспортираат отпад.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116, став 1, точка 59, а врз основа на член 117 став 1 точка 37 и точка 58 од Законот за управување со отпадот, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина врз основа на член 117 став 3 од Законот за управување со отпадот, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Жалбата се поднесува во два примероци и се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 24-1, на ден 27.01.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243